# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА

## ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Крива Паланка<br>Издавач : Општина Крива Паланка<br>Излегува по потреба | Број 13<br><br>26.10.2020 | Гласникот е бесплатен |

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ" бр. 5 / 2002 ) , а во врска со член 34 од Законот за Буџетите ( ,,Сл.весник на РМ" бр . 64 / 05 ; 04 / 08 ; 103 / 08 ; 156 / 09 ; 95 / 10 ; 180 / 11 ; 171 / 12 ;192/15 и 167/16 ) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка ( „Службен гласник на Општина Крива Паланка “ бр. 08 / 10 ; 08 / 14 , 02 / 18 и 03/19 ) , Советот на Општина Крива Паланка на 43-та седница , одржана на ден 22.10.2020 година , донесе :

## О Д Л У К А

### За проширување на средствата на Буџетот на Општина КРИВА ПАЛАНКА за 2020 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина КРИВА ПАЛАНКА за 2020 година на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|
| **Се зголемуваат приходите на следниве потставки :** | | | | |
| 742119 – Други општи тековни донации | 0 | 0 | 1.846.980 | 0 |
| | **0** | **0** | **1.846.980** | **0** |

**и се распределуваат на следните расходни потставки :**

| **N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 420220 – Патување во странство – патни расходи | 0 | 0 | 511.500 | 0 |
| 420230 – Патување во странство – сместување | 0 | 0 | 963.480 | 0 |
| 423110 – Канцелариски материјали | 0 | 0 | 62.000 | 0 |
| 425990 – Други договорни услуги | 0 | 0 | 310.000 | 0 |
| | **0** | **0** | **1.846.980** | **0** |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а истата ќе биде објавена во „ Службен гласник на Општина Крива Паланка “ и станува составен дел на Буџетот за 2020 година .

**Бр. 09 – 2989/3**
**22.10.2020 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2020 година**

1. Се објавува Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2020 година ,што Советот ја донесе на 43-та седница,одржана на ден 22.10.2020 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-2989/4**
**26.10.2020 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ" бр. 5 / 2002 ) , а во врска со член 34 од Законот за Буџетите ( ,,Сл.весник на РМ" бр . 64 / 05 ; 04 / 08 ; 103 / 08 ; 156 / 09 ; 95 / 10 ; 180 / 11 ; 171 / 12 ;192/15 и 167/16 ) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка ( „Службен гласник на Општина Крива Паланка “ бр. 08 / 10 ; 08 / 14 , 02 / 18 и 03/19 ) , Советот на Општина Крива Паланка на 43-та седница , одржана на ден 22.10.2020 година , донесе :

# О Д Л У К А

## за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2020 година

### Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина КРИВА ПАЛАНКА за 2020 година на следниот начин :

| **Потпрограма<br>Потставка** | **БУЏЕТ** | **САМОФИН.** | **ДОТАЦИИ** | **ДОНАЦИИ** | **КРЕДИТИ** |
|---|---|---|---|---|---|
| **A00 СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | | |
| 426990 – Други оперативни расходи | - 20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **D00 ГРАДОНАЧАЛНИК** | | | | | |
| 401320 – Персонален данок на доход од надоместоци | 2.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 404110 – Надомест за годишен одмор | 15.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 420210 – Патување во странство -хранарина (дневница) | - 36.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **E00 ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 401320 – Персонален данок на доход од надоместоци | 110.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 404110 – Надомест за годишен одмор | 810.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 404150 – Други надоместоци | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 420130 – Патување во замјата – сместување | - 16.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 420210 – Патување во странство – хранарина (дневница) | - 26.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 421110 – Електрична енергија | - 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 421410 – Горива и масла (моторни возила) | - 74.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423310 – Униформи | - 20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426990 – Други оперативни расходи | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 427110 – Привремени вработувања | 195.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464910 – Плаќање по судски решенија | 800.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **F10 УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ** | | | | | |
| 425640 – Изработка на просторни и урбанистички планови | -400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **G10 ПОДРШКА НА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ** | | | | | |
| 421440 – Транспорт на луѓе | - 12.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423310 – Униформи | - 48.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425250 – Осигурување на недвижности и права | - 8.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425920 – Услуги за копирање , печатење и издавање | - 20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **J30 ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | | | | | |
| 423720 – Материјали за разни поправки | - 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 424320 – Одржување на автопати,улици и патишта | 360.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J8 ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ** | | | | | |
| 425990 – Други договорни услуги | - 120.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464990 – Други трансфери | - 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JA0 ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | | | | | |
| 482820 – Изградба на капацитети во енергетиката | - 80.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482830 – Реконструкција во капацитетите во енергетиката | - 80.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JD0 ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА** | | | | | |
| 485420 – Надомест за одземен имот | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JL0 ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ ( КАПИТАЛНИ РАСХОДИ )** | | | | | |
| 482920 – Изградба на други објекти | -742.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **K30 МУЗЕЈСКА И КИНОТЕЧНА ДЕЈНОСТ** | | | | | |
| 401320 – Персонален данок на доход од надоместоци | 2.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 404110 – Надомест на годишен одмор | 15.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 421440 – Транспорт на луѓе | -7.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423110 – Канцелариски материјали | -8.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423410 – Прехрамбени продукти и пијалоци | -6.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423710 – Средства за одржување на хигиена | -6.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423720 – Материјали за разни поправки | -12.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426990 – Други оперативни расходи | -32.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 427110 – Привремени вработувања | 54.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **K40 КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО** | | | | | |
| 425990 – Други договорни услуги | - 140.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426210 – Расходи за репрезентација | - 60.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464990 – Други трансфери | - 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **L00 СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** | | | | | |
| 463120 – Трансфери до спортски клубови | - 40.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 401130 – Основни плати – други вработени | 0 | 0 | 41.126 | 0 | 0 |
| 401310 – Персонален данок на доход од плата | 0 | 0 | 4.570 | 0 | 0 |
| 402110 – Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | 161.079 | 0 | 0 |
| 402210 – Основни придонеси за здравство | 0 | 0 | 64.260 | 0 | 0 |
| 402220 – Основен придонес за професионално заболување | 0 | 0 | -128.716 | 0 | 0 |
| 402310 – Основни придонеси до Агенцијата за вработување | 0 | 0 | 143.281 | 0 | 0 |
| 421220 – Дрва | 0 | 0 | -60.000 | 0 | 0 |
| 421290 – Други материјали за греење | 0 | 0 | 60.000 | 0 | 0 |
| 423320 – Обувки | 0 | 0 | -10.692 | 0 | 0 |
| 423330 – Постелина | 0 | -30.000 | 0 | 0 | 0 |
| 423810 – Ситен инвентар | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 |
| 424210 – Одржување на згради | 0 | 0 | -285.600 | 0 | 0 |
| 427110 – Привремени вработувања | 0 | 0 | -13.200 | 0 | 0 |
| **W00 ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА** | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 401130 – Основни плати – други вработени | 0 | 0 | -426.746 | 0 | 0 |
| 402110 – Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | -193.254 | 0 | 0 |
| 404150 – Други надоместоци | 0 | 0 | 620.000 | 0 | 0 |

**Член 2**

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлуката бр.09 – 2694/5 од 29.09.2020 година .

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето ,а истата ќе биде објавена во „ Службен гласник на Општина Крива Паланка “ и станува составен дел на Буџетот за 2020 година .

**Бр. 09 –2989/5**
**22.10.2020 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2020 година**

1. Се објавува Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2020 година ,што Советот ја донесе на 43-та седница,одржана на ден 22.10.2020 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-2989/6**<br>**26.10.2020 год.**<br>**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**<br>**Градоначалник,**<br>**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 14, став 1, точка 39 од Статутот на Општина Крива Паланка (пречистен текст), („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/10,08/14,02/18 и 03/2019), Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 22.10.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Извештај за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта на Општина Крива Паланка за 2019/2020 година**

**Член1**

Со оваа Одлука се усвојува Извештај за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта на Општина Крива Паланка за 2019/2020 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-2989/7**
**22.10.2020 год.**
**Крива Палнака**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ПО ПРОГРАМАТА ЗА ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЦИТЕ, ТРОТОАРИТЕ И ЛОКАЛНАТА ПАТНА МРЕЖА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2019/2020 ГОДИНА**

Зимското одржување е дел од вкупното одржување на јавните патишта предвидено и регулирано со Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16), Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија” бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19) како и Правилникот за мерките за одржување на јавните патишта, начинот и роковите за нивно извршување, како и видот и начинот на извршување на активностите за редовно, периодично и интервентно одржување на јавните патишта од 2008 год. со измени и дополнувања.

Одржувањето на јавните патишта може да биде периодично, редовно, зимско и интервентво. Зимското одржување се спроведува врз основа на донесен план/програма каде се предвидени активностите, начинот на извршување, потребни средства и сл. Општина Крива Паланка за изминатата сезона изготви и донесе Програма за зимско одржување на локалните улици и патишта за 2019/2020 год., а истата се реализираше преку Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура.

По усвојување на Програмата за зимско одржување за сезоната 2018/2019 година на локалната патна мрежа и улиците во градот, Општина Крива Паланка спроведе јавна набавка согласно со законот за јавни набавки и се склучи договор со операторот ЈП „Комуналец“– Крива Паланка со број на договорот 19-3374/7 од 08.11.2019 година. Треба да се има во предвид дека поради конфигурацијата на теренот во Општина Крива Паланка дел од изградените улици, а поготово локалните патни правци се со големи наклони и недоволна ширина на коловозите, па нема голем интерес кај економските оператори за учество на јавната набавка за зимско одржување. Дополнителен проблем е што одржувањето на улиците и тротоарите е отежнато и ризично за работа поради тесните пристапни улици во градот, паркирани возила од граѓани на самите коловози и тротоари, огревни дрва покрај коловозите исл. Исто така економскиот оператор е должен да обезбеди пунктови и 24-часовно дежурство во зимските месеци.

Потоа, согласно со законските прописи беше одржана средба со сите институции кои имаат надлежности околу зимското одржување на кои беа координирани активностите се со цел успешно да се извршува зимското одржување.

Периодот на редовното зимско одржување на улиците, тротоарите и локалната патна мрежа согласно со Програмата започна од 15.11.2019 и траеше до 15.03.2020 година, односно 4(четири) месеци во кој период операторот имаше задача во секое време да ги одржува коловозните површини на патната мрежа во состојба да се обезбеди нормално одвивање на моторниот и пешачкиот сообраќај. Зимското одржување продолжи повремено, според временските услови и потребите и во периодот по 15.03.2020 год. поради појава на снежни врнежи и голомразица. Одржувањето на постојната патна мрежа се одвиваше во согласност со предвидениот обем и динамика во Програмата за зимско одржување за 2018/2019 година, т.е. редовно се работеше на зимското одржување, односно чистење на снег од коловозните површини на улиците, тротоарите и локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка, посипување на очистените коловозни површини со индустриска сол и камена ризла, а при појава

на голомразица на коловозните површини редовно се интервенираше во ноќните часови со посипување на индустриска сол и камена ризла.

Треба да се напомене дека изминатата сезона имаше просечна зима со просечни количини на снег, па и потрошените средства се во рамките на средните вредности од повеќегодишните расходи. Вообичаено, во поедини периоди и на поедини локации беше користена и тешка градежна механизација за чистење на асфалтни, а и некои земјани патишта кои се неопходни за комуникација на месното население. Беше извршено интервентно чистење на дел од земјаните локални селски патишта на територијата на Општина Крива Паланка, посебно во реонот на с.Нерав и Огут, с. Бс, Узем, Градец, Мала и Голема Црцорија, Трново, Дурачка Река и др.

Чистењето на снегот од тротоарите и јавните површини за пешачкиот сообраќај го вршеше ЈП „Комуналец“ од Крива Паланка во согласност со Програмата за јавна чистота, а чистењето на снегот од тротоарите пред дуќаните и другите објекти се вршеше од страна на сопствениците на дуќаните и корисниците на деловните простори – дуќани.

Контрола врз работата на зимското одржување вршеше Општината преку овластени лица од Одделението за изградба и одржување на конунална инфраструктура и надлежните инспекциски служби, а во соработка и со други надлежни органи како што се МВР-ПС Крива Паланка, Дирекција за заштита и спасување и Центар за управување со кризи.

ЈП Комуналец согласно Договорот ги вклучи сите свои расположиви ресурси во механизација и работна сила за успешно извршување на Програмата за зимско одржување.

Согласно со Програмата дел од неискористените преостанати средства согласно Договорот се користат за санација и тековно одржување на локални патишта и улици на територијата на општина Крива Паланка. Оваа година дел од средствата беа искористени за транспорт и вградување на гребан асфалт од рехабилитација на државни патишта, со што во поголем број населени места кои беа во близина се изврши санација на земјани коловози.

Средствата во износ од 2.500.000 ден. без ДДВ, односно 2.950.000 ден. со ДДВ беа обезбедени од буџетот на Општината, како и преку ЈП за државни патишта од каде како приход на буџетот годинава за одржување на патишта се префрлени средства во висина од 3.819.161, од кои дел се користат и за зимско одржување.

До поднесување на овој извештај вкупно извршени работи од страна на ЈП Комуналец по договорот изнесуваат околу 2.200.000 ден. со ДДВ. Преостанатите средства од околу 750.000,оо ден. ќе бидат искористени за тековно одржување на локалните улици и патишта во наредниот период до склучување на нов Договор за предстојната 2020/2021 год.

Средствата се потрошени според следниве позиции во согласност со Договорот:

1. Ангажирање на камион со нож и соларка.
2. Ангажирање на камион со соларка
3. Ангажирање на трактор со нож и соларка
4. Градежна механизација (скип и мултифункционална машина во сезона)
5. Потрошени средства за инустриска сол
6. Потрошени средства за абразивен материјал (камена ризла)
7. Ангажирање на град.мех.(скип, булдозер) после завршеток на сезона
8. Ангажирање на камион после завршеток на сезона
9. Ангажирање на трактор после завршеток на сезона
10. Ангажирање на работна рака

**Бр.09-2989/7**
**22.10.2020 година**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за усвојување на Извештај за зимско одржување на улиците,тротоарите и локалните патишта на Општина Крива Паланка**

**за 2019-2020 година**

1. Се објавува Одлука за усвојување на Извештај за зимско одржување на улиците,тротоарите и локалните патишта на Општина Крива Паланка за 2019-2020 година ,што Советот ја донесе на 43-та седница,одржана на ден 22.10.2020 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-2989/8**
**26.10.2020 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 14, став 1, точка 39 од Статутот на Општина Крива Паланка (пречистен текст), („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/10,08/14,02/18 03/2019 ), Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 22.10.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Програма за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта на Општина Крива Паланка за 2020/2021 година**

**Член1**

Со оваа Одлука се усвојува Програма за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта на Општина Крива Паланка за 2020/2021 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09- 2989/9**
**22.10.2020 год.**
**Крива Палнака**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 34 став 1 и 3 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16), Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија” бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19) како и Правилникот за мерките за одржување на јавните патишта, начинот и роковите за нивно извршување, како и видот и начинот на извршување на активностите за редовно, периодично и интервентно одржување на јавните патишта од 2008 год. со измени и дополнувања како и член 14 од Статутот на општина Крива Паланка, Советот на општина Крива Паланка на седницата одржана на 22.10.2020 год. донесе

# П Р О Г Р А М А

## За зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во општина Крива Паланка за 2020/2021

Според горенаведените закони како работи за одржување на јавни патишта, се работите на редовно, зимско, периодично и интервентно одржување. Работите на одржување на општинските патишта и улици општината, односно градот Скопје може со договор да ги отстапи на извршување на правни лица регистрирани за вршење на овие работи согласно со закон. Јавните патишта се одржуваат на начин со кој се обезбедува зачувување на употребната вредност на патот за траен, безбеден и непречен сообраќај, под услови определени со овој закон, техничките нормативи и стандарди и прописите за безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Работи на зимско одржување се сите активности и мерки за обезбедување на сообраќајот во зимски услови. При зимското одржување се преземаат мерки потребни за обезбедување на континуираност и безбедност на сообраќајот во текот на зимски временски услови и тоа:

- организирање на зимска служба (потребен број луѓе за дежурства, соодветни простории за луѓето и материјалите),

- димензионирање на возила, градежна механизација и специјална опрема според интензитетот на падавините, должина на патна мрежа по приоритет, степени на приправност, искуство и др.),

- набавка на материјали за зимско интервенирање (сол-натриев хлорид, абразивни материјали и друго и

- организирање на информативен центар.

Извршувањето на активностите за зимско одржување на јавните патишта се спроведува врз основа на годишен акционен план/програма за зимско одржување кој содржи:

- места на приправност за зимско одржување;

- приоритети и стандарди;

- локации на депоата/складиштата за зимско одржување;

- датуми поврзани со подготовката, мобилизацијата и оперативните фази за секој сектор;

- проценка на потребниот персонал и опрема за чистење и посипување со одмрзнувачки материјали;

- проценка на количините на одмрзнувачки материјал и капацитетите во магацините;

- организација и контрола за секоја активност;

Програмата за зимското одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во текот на зимската сезона 2020/2021 година за општина Крива Паланка е изработена имајки ги во предвид горенаведените законски одредби, како и искуствата и статистичките показатели од подолг временски период. Програмата е прилагодена и према теренските и климатските услови кои што владеат во Општина Крива Паланка. Општина Крива Паланка е ридско-планинско подрачје каде освен градот, другите населени места се претежно од разбиен тип и се доста оддалечени од самиот град.

Состојбата на локалната патна мрежа во изминатите години постојано се подобрува но се уште е недоволно развиена и асфалтните коловози се претежно само до селата или населените места додека кон поодалечените делови постојат земјани маалски патишта кои се главно во лоша состојба и се тешки за одржување, поготово во зимски услови. Поради тоа, Програмата предвидува одржување на асфалтните коловози, а по исклучок и на одредени земјани коловози заради нужна проодност.

И самите асфалтни коловози од градот кон селата и населените места се тешки за одржување поради големите наклони, острите и тесни кривини и постоењето на ударни дупки, а на некои улици и патни правци понекогаш и не е можно да се врши чистење на снегот од патот со основната механизација. Такви се патните правци Крива Паланка - с. Градец , Манастир - Горно Варовиште кон Калин Камен, Крива Паланка -Дреење- с. Киселица, два патни правца во село Подржикоњ и кон селата Голема Црцорија и Мала Црцорија и Крива Паланка - с. Дурачка Река - с. Станци-крак кон Метоф И понатаму кон с. Дренак, и др. па на овие патни правци во услови на пообилни врнежи од снег неопходно е ангажирање на потешка градежна механизација. Праксата покажува дека во услови на значителни снежни врнежи и покрај вложените напори поедини земјани патишта сепак остануваат непроодни во одредени периоди (на пр. патот кон с. Дренак).

Во поширокото градско подрачје посебен проблем претставуваат приградските тесни улици и возилата паркирани на коловозот, тротоарите или блиску до коловозот на улиците што значително го отежнува чистењето на снег, а со тоа се загрозува и безбедноста на пешачкиот и моторниот сообраќај.

Активностите за зимско одржување се спроведуваат врз основа на Програма која ги опфаќа следниве сегменти:

- Организационата поставеност и обврски на овластениот субјект за зимско одржување на улиците и локалните патишта и на другите учесници поврзани со извршување на работите околу отстранувањето на снегот и ледот, односно голомразицата.
- Обем, динамика и функционирање на овластената зимска служба за отстранување на снегот и ледот.
- Сообраќајници со приоритет на отстранување на снегот и голомразицата, како и за посипување и ставање на соодветен абразивен материјал и камена ризла на критични точки на улицата и на витални објекти.
- Број и вид на механички средства, нивна намена, начин и распоред на користење.
- Број и распоред на лица кои учествуваат во извршувањето на работите сврзани со отстранувањето на снегот и ледот.
- Обврска, услуги и средства на други учесници кои се вклучуваат во случај на потреба.
- Места определени за депонирање на собраниот снег и лед.
- Потребни финансиски средства за спроведување на Програмата и сл.

Врз основа на Годишната програма за зимско одржување која ја донесува Советот на општина Крива Паланка се спроведува постапка за јавна набавка и до почетокот на официјалната сезона за зимско одржување се склучува Договор за зимско одржување со избран економски оператор.

**ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ**

Во Договорот склучен со избраниот понудувач се утврдувааат цената, начинот, динамиката и времетраењето на одржувањето на улиците во градот и локалните патишта.

Контролата над одржувањето на улиците, тротоарите и локалните патишта во зимскиот период. т. е. нивно расчиствување од снег , лед и посипување на истите со абразивни материјали го врши Одделението за изградба и одржување на комуналната инфраструктура преку овластени лица(во понатамошниот текст Одделението)., како и други институции како што се МВР, инспекциски служби и др. во рамките на своите надлежности.

**ОБЕМ И ДИНАМИКА**

Обемот и динамиката на одржувањето на улиците, тротоарите и локалните патишта во зимските услови се опфатени во договорот. Од досегашното искуство има произлезено дека потреба од зимско одржување во Општина Крива Паланка има најмалку 4 месеци во годината и тоа: од 15.11 тековната година до 15.03 наредната година. Во случаеви кога зимата започнува порано, а трае до покасно или имаме поинтензивни врнежи од снег во текот на овие 4 месеци бројката на ефективни часови може значително да се зголеми.. Доколку пак работните часови не бидат искористени во обемот склучен во договорот Општината може да ги искористи за свои потреби по завршување на зимската сезона за поправка и одржување на локална патна мрежа. Треба да се напомене дека цените кои се предвидени за користење на градежната механизација и транспортните средства по завршетокот на тромесечниот период за зимско одржување се по правило значително пониски отколку во ударниот период.

**УЛИЦИ ВО ГРАД КРИВА ПАЛАНКА КОИ ШТО ИМААТ ПОТРЕБА ОД ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ**

1. Улица „Св.Јоаким Осоговски“ која започнува од Мотел Македонија па се до спојот со м-2 населба Грамаѓе и нов крак кој започнува од Соларски мост
   до стара чаршија Л = 4100 м

2. Пристапи до: Медицински центар, Градинка "Детелинка" кај Житни Магацин, Градинка "Детелинка" во Центар, Градинка"Детелинка " во "Осичка Маала" и пристапи до сите основни училишта и во вкупна должина од Л = 300 м
3. Улица "8-ми Октомври" до мост во "Маневци" Л = 1650 м
4. Улица "17-та Македонска Ударна Бригада" Л = 490 м
5. Улица "Д-р. Наско Тамбурков" - асфалтиран дел Л = 1000 м
6. Улица "Гоце Делчев" Л = 700 м
7. Улица "Херој Карпош и Нас."Лозаново" Л = 1655 м
8. Улица "Партизанска"М.Пијаде". Л = 1030 м
9. Улица "Никола Тесла" - асфалтиран дел Л = 750 м
10. Улица "Борис Трајковски" и "Јане Сандански" Л = 715 м
11. Улица "Македонска" и "Димитар Арсов" и "Баглачка" Л = 1230 м
12. Улица "Ратко Минев" Л = 930 м
13. Улица "Јоаким Крчовски" Л = 520 м
14. Улица Никола Тесла Л = 350 м
15. Улица „Димитар Влахов„ Л = 250 м
16. Улица „Борис Арсов„ Л = 280 м
17. Улица „Пиринска„кон м.в.Ловачки Дом Л = 210 м
18. Ул.„Горан Стојановски“ Л = 390 м
19. Ул. „Климент Охридски“ и Вера Јоциќ Л = 1500 м
20. Ул. „Осоговска“ – два крака Л = 519 м
21. Ул.Биљинска Л = 250 м
22. Ул. Дивјанска Л = 380 м
24. Ул. Никола Карев со краци Л = 800 м.
25. Сите новоасфалтирани делови и краци од улици кои не се наведени со имиња во Програмата

На сите улици во градот кои што не се асфалтирани, а по кои што се одвива сообраќај ќе биде извршен дотур на абразивен материал (сол и ризла), а посипувањето на абразивниот материјал по улицата ќе го изврши самото месно население.

**ЛОКАЛНИ ПАТИШТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**КОИ ИМААТ ПОТРЕБА ОД ЗИМСКО ОДРЖУВАЊ**

1. М-2 - с. Конопница (Трнска маала)-Мождивњак, крак за црква, крак Станболици -Деловотци, крак кон м.в.Крст-асфалт, м.в Штала –А2, Деловотци-Кула-Црква Л =12.800,00 м
2. Маневци - с. Дурачка Река - с.Станци Л = 4.500,00 м.
3. М-2 - с. Узем према с.Костур (асфалтиран де Л = 1.000,00 м.
4. Трновска Река - с. Трново (асфалтиран дел) Л = 5.500,00 м.
5. М-2 - Манастир св.Јоаким Осоговски -Горно Варовште -Калин Камен Л = 7.000,00 м.
6. Село Добровница - село Мала Црцорија и с. Голема Црцорија (асвалтирани делови) Л=11.000,00 м.
7. Село Огут - село Нерав Л = 2.500,00 м.
8. Село Крстов Дол (од Спасенина куќа)- село Луке Л = 6.000,00 м.
9. М-2 с. - Кркља (асвалтиран дел) Лештарци Л = 1.500,00 м.
10. Крива Паланка- с.Дрење -с. Киселица асвалтирав дел Л = 4.500,00 м.
11. Од регионален пат на м.в. Китка - с. Подржи Коњ - Зли дол - Мишинска маала (асвалтиран дел) и кон маала Косчи Л = 4.000,00 м.
12. Крива Паланка - с. Градец (асвалтиран дел) Л = 6.000,00 м.
13. Магистрален пат с. Длабочица до завршеток на асвалт Л = 500,00 м.

14. Мезовски ливади - асфалтиран дел
15. Станечка кривина - Метов Л = 3.000,00 м.
16. Мотел „Македонија“-манастир (т.н. Руски Пат) Л= 2.000,00 м.
17. Ловечка куќа –кон Езерце Л= 3.000,00 м
18. Жидилово –кон Славев Врв Л= 1000,00 м
19. Сите новоасфалтирани локални патни правци кои не се поединечно спомenати погоре
20. Патни правци кои не се асвалтирани, а по истите се одвива моторен сообраќај (чистење на снегот со градежна механизација).

**БРОЈ И ВИД НА МЕХАНИЧКИ СРЕДСТВА**

Според должината на локалната патна мрежа и улиците во градот, како и подолжните наклони на улиците во градот и на локалната патна мрежа, зимското одржување на истите ќе се врши со камион и трактор опремен со нож за чистење на снегот и соларка за индустриска сол и абразивен материјал и камион од кој ќе се врши рачно посипување со сол и камена ризла врз ледот и врз коловозните површини претходно ичистени од снегот, мултифункционална машина со опрема за снег, градежна машина „СКИП“ за чистење на обилен снег од пошироките улици во градот и на локалните патните правци, како и булдозер за пробивање на завеани локални патишта.

Во случај на изобилни врнежи на снег (непрекинато) операторот може да вклучи повеќе камиони опремени со опрема за цена наведена во склучениот договор како и градежни машини (скип и буллдужер) кои ќе се користат на патиштата каде што нема услови да се користи камион со комплетна опрема по цена цитирана во договорот за извршување на услугата.

На локалните патни правци со земјан или тампониран коловоз и на локални патни правци со коловоз изграден од асвалт кои се изведени со големи наклони и непрописно изведени кривини, чистњето на снегот од коловозните повришини со Програмата се предвидува да се изведува со градежни машини булдозер и скип.

Во случај на силни и континуирани врнежи од снег, а кога општината нема можности да се справи со нив, Општината ќе побара ангажирање на републичките сили за заштита и спасување преку Подрачното Одделение за заштита и спасување Крива Паланка и Центарот за управување со кризи ( ПО за управување со кризи) Крива Паланка.

**БРОЈ И РАСПОРЕД НА ЛИЦА**

Како придружба на камионот, тракторот или другата механизација покрај возачите, односно машинисти ќе бидат ангажирани и други лица, според потребите и проценките на самиот оператор. Дополнителни лица ќе бидат вклучени ако за тоа има потреба и тоа за отстранување на снегот, ледот од улиците и утовар на истиот во камион или трактор и транспорт до одредена депонија или друго место за депонирање на снег ,кое накнадно ќе биде определено.

Чистењето на тротоарите пред влезовите на семејните куќи и влезовите на колективните станбени згради се должност на станарите од тие објекти. Собирањето на снегот да се врши на купчиња кои нема да го попречуваат движењето на пешачкиот сообраќај , а одвозот на снегот е обврска на ЈП,, Комуналец,, од Крива Паланка.

Чистењето на тротоарите пред влезовите на деловните објекти и фирмите се обврска и должност на сопствениците на тие објекти и други корисници на станбениот или деловниот простор..

Чистењето на тротоарите и на другите јавни површини (каде што има движење на пешачки

сообраќај )од снег и одвоз на снег собран на купчиња до најблиска депонија се обврска и должност на ЈП „ Комуналец„ од Крива Паланка, а финасиските средства се предвидени во Програмата за одржување на јавна чистота во Крива Паланка за 2020 и 2021 година.

Контролата на извршувањето на погоре наведена услуга се врши од страна на комунален инспектор при Општина Крива Паланка.

Набавката на абразивните материјали (сол и камена ризла) за посипување,е обврска на избереniот најповолен понудувач кој е должен набавените абразивни материјали да ги складира на место заштитено од атмосверски влијанија.

**ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА**

Од досегашното искуство за реализацијата на Програмата за зимско одржување на улиците и локалните патишта може да констатира дека искористените средства за оваа намена значително варираат во зависност од обемот и интензитетот на снежните врнежи. Ако се земе во предвид подолг временски период station наназад за зимско одржување потребни се средства во висина од околу 2.000.000-2.500.000 денари, кои што ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општината во кој како приход се слеваат и средствата за одржување на локални патишта кои секоја година доаѓаат од ЈП за државни патишта.

**Р Е К А П И Т У Л А Ц И Ј А**

**Приходи:**

1. **Буџет на Општина Крива Паланка**
2. **ЈП за државни патишта**

**Вкупно: 2.500.000,00 ден.**

**расходи: (предпоставени)**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | **Ангажирање на основна механизација** | = | **1.000.000,00 ден.** |
| 2. | **Индустриска сол** | = | **400.000,00 ден.** |
| 3. | **Абразивен материјал** | = | **300.000,00 ден.** |
| 4. | **Ангажирање на друга градежна механизација доколку има потреба при обилни врнежи и после сезона** | = | **600.000,00 ден.** |
| 5. | **Ангажирање на работници доколку има потреба ..........................................................................** | = | **200.000,00 ден.** |

**Вкупно: 2.500,000,00 ден.**

**Бр. 2989/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**22.10.2020 година** **Претседател,**

